# ПЛАН
# ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

# ПЛАН
# ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата, Градот Скопје во рамки на своите законски надлежности, постапувајќи по заклучокот број 40-2929/1 од 02.03.2021 година на Владата на Република Северна Македонија, утврди потреба од донесување на План за борба против корупцијата на Град Скопје.

Правна рамка за донесување на Планот за борба против корупцијата на Град Скопје за 2021 година (во натамошниот текст: План) претставува Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр.55/04 и 158/11). Планот во својата содржина претставува конкретизација на препораките содржани во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025 и Планот за борба притив корупцијата "Акција 21" на Владата на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на единиците на локалната самоуправа.

Планот е документ во кој се детектираат слабостите во постоечкиот систем на работа во Град Скопје во борбата против корупцијата, се утврдуваат стратешките цели кои треба да се постигнат со имплементацијата на Планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

Области од надлежност на Градот Скопје, согласно Законот за градот Скопје се: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита, заштита и спасување, противпожарна заштита и други области.

## II. ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ

### 1. Детектирани ризици врз основа на внатрешна анализа на работата на секторите во Градот Скопје.

Детектирање на проблемите во работата на Градот Скопје, поврзани со можноста за корупција, се врши врз основа на анализа на работата на поединечните организациски единици во рамки на администрацијата на Градот Скопје. За таа цел се врши собирање и анализа на доставени информации од раководителите на секторите во Градот Скопје и податоци кои се однесуваат на воспоставените пракси на работа во секој сектор и одделение подинечно, а кои би можеле да укажат на слаба отпорност на системот на работа кон евентуални можности за коруптивни дејствија.

Од содржината на овие документи се утврдија ризични точки од аспект за можна корупција во системот на работа на секторите, и тоа:

- ❖ Можности за корупција при исполнување на надлежноста на секторите, а се поврзани со комуникација со странки, изведувачи и правни лица преку кои се вршат одредени набавки за потребите на секторите

- ❖ Во текот на изработката на Барање за договор за доделување за договор на јавна набавка критериумите за доделување на договорот за јавна набавка, може да бидат прилагодени на одреден понудувач како и да се изготвуват техничките спецификации кои упатуваат на конкретен производ и на конкретно производство или производител

- ❖ Некомплетни и нецелосно пополнети Барања за доделување на договори за јавна набавка со потребните податоци од страна на секторите во Град Скопје, подносители на барањето, доставени до Секторот за јавни набавки

- ❖ Предвидување на услови за способност кои е потребно да ги исполнуваат економските оператори кои се дискриминирачки, предизвикуваат нееднаков третман на економските оператори и ја нарушуваат конкуренцијата во текот на постапката за спроведување на јавната набавка

- Недоречени и контрадикторни законски одредби што се однесуваат при вработувањата во смисла на:
  - Условите за вработувања на инспекторите се регулирани со материјални закони со кои се регулира нивната надлежност, а кои не се усогласени со Законот за инспекциски надзор. Поради тоа се остава можност од произволно толкување на законските одредби кои се однесуваат на вработувањата на инспекторите
  - Законот за административни службеници ги пропишува условите при вработување на административен службеник по категории и нивоа на работни места. Не постои правна регулатива со која се регулирани условите за вработување (посебно образованието) на одредени позиции. Во законот не се доволно уредени системите за „мерење" на работните компетенции на кандидатите во постапката за вработување, ниту пак постојат критериуми за бодување при интервју на кандидатите
  - Од досегашната пракса е утврено дека Агенцијата за администрација не навлегува во материјална расправа при поднесена жалба во однос на конкретно вработување, ниту при поднесен приговор на оценувањето или друга жалба или приговор од административните службеници

- Ризик од протекувањето на информации и злоупотреба на службена положба

- Недоволна транспарентност при реализација на финансиските средства предвидени за проекти во Програмата за работа на секторите и во Буџетот на секторите

- Непочитување на законски норми, интерни акти и правилници за работа од страна на вработените

- Присуство на политички влијанија, злоупотреба на службени влијанија и непотизам

- Непрофесионално и неетичко однесување при реализација на предмети поврзани со јавноста, надворешни институции и граѓани

- При спроведување на секоја поединечна ревизија постои ризик:
  - Вработениот поради непочитување на законските прописи и процедурите за работа да се доведе во состојба на злоупотреба на својата позиција, со цел да оствари некаква корист за себе
  - Вработените во Градот Скопје да бидат во роднински или други врски со вработени од субјектот каде што вршат ревизија и да не ја пријават кога постои судир на интереси и на тој начин да бидат под влијание за донесување на конкретна одлука или да прикријат одредена неправилност во работењето на ревидираниот субјект
  - Вработените или нивни близок роднина може да се ангажирани со договор за вршење одредени услуги и за тоа да добиваат надоместок од субјектот во кој што се врши ревизија, како и можност да примат поткуп во пари или обезбедување на одредена услуга, со цел да се изостави одредена утврдена состојба во извештајот

- Нереално утврдување на основот за поврат на финансиски средства, ненавремено изготвување на решенија за поврат на финансиски средства и пренасочување на јавните приходи до трезорска канцеларија при Министерството за финансии

- Ненавремено евидентирање на обврски кон добавувачи и нивно ставање во предлог за плаќање и доставување до Градоначалник на Град Скопје како и ненавремената наплата на побарувања и достава на предлози за утужување до надлежен сектор

- Недоволен број членови на комисии кои одлучуваат во постапките за избор на субјекти при јавни повици и во процесот на издавање на акти преку кои се реализираат програмските активности на секторите

2. Детектирани ризици утврдени во Акциониот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025.

Во Акциониот план за Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 - 2025, се забележани следниве ризици за кои е предвидена активност во 2021 година, поврзана со единиците на локалната самоуправа, вклучително и Градот Скопје:

- Во делот ХОРИЗОНТАЛНИ ОБЛАСТИ во точката 4.2 ВРАБОТУВАЊЕ, како проблем е посочена неусогласеноста на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам

- Во делот СЕКТОРИ во точката 5.10 СПОРТ, како проблеми се посочени несоодветното стопанисување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и единиците на локалната самоуправа и недостаток на инспекциски надзор во спортот

3. Детектирани ризици утврдени во Планот за борба против корупција "Акција 21" на Владата на Република Северна Македонија.

Во Планот за борба против корупција "Акција 21" на Владата на Република Северна Македонија, за единиците на локалната самоуправа се утврдени следните ризици и слабости:

- Во единиците на локалната самоуправа не се спроведува доследно Законот за заштита на укажувачи односно не се назначува овластено лице за прием на пријави од укажувачи заради заштитено внатрешно пријавување

- Утврдени проблеми во донесување на годишните планови за јавните набавки, потреба од правилно утврдување и образложување на потребите за набавки во однос на видот, квалитетот, количината и рокот на испорака на стоките, услугите и работите, што ќе бидат предмет на набавка, утврдување на реална проценета вредност, потреба од спроведување на истражување на пазарот пред да се изработат плановите за јавни набавки и да се донесат одлуките за набавките, зголемен мониторинг над доследното почитување на Законот за јавни набавки при

објавување на известувања за склучен, реализиран договор, измени на договорите, вклучително и договорите од спроведени постапки со преговарање без објавување на оглас, доследно следење на реализација на договорите, почитување на начелото за транспарентност, како и отчетност и интергитет при спроведувањето на јавните набавки, утврдување на услови за учество и критериуми за избор на најповолна понуда, изворниот код за сите софтвери што ги набавуваат договорните органи не е заштитен, набавка на стоки, во смисла на набавки кои ги спроведуваат речиси сите договорни органи, а изготвуваат различни технички спецификации за ист вид на набавка

## III. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Цели кои се утврдуваат со овој план се создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфраструктура во Градот Скопје, преку унапредувањето на примената на законите со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето на органите на Градот Скопје и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борбата со корупцијата која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведе на маргинална општествена појава.

## IV. МЕРКИ, НАЧИН И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ

Врз основа на детектираните ризици во работата на организационите единици во администрацијата на Градот Скопје, поврзани со можна појава на корупција, а за остварување на целите на Планот за 2021 година се предвидуваат следните мерки:

1.Мерки и активности кои произлегуваат од внатрешната анализа на работата на секторите:

- Почитување на процесите-процедурите за работа изработени според систем за управување со квалитет ISO 9001:2015
- Употреба на електронски алатки за управување на документите и процесите DMS (Document management system) и спроведување на целосна дигитализација на процесите, која ќе овозможи следење на процесите, делегирање на предметите по случаен избор, извештаи за активностите и сл.

- Отварање на нови канали за електронска комуникација со граѓаните каде аплицирањето ќе се врши електронски без физички контакт со службеното лице
- Електронски информации во вид на мапа за траекторијата на предметот со временска рамка која ќе им биде достапна на граѓаните
- Web и мобилни апликации за пријавување на проблеми повисок степен на проценка на ризик од појава на корупција
- Повисок степен на почитување и примена на законската регулатива
- Доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и повисок спепен на почитување на зададените рокови во постапките за реализација на надлежноста на секторот
- Воспоставување на електронски систем за инспекција Е инспектор, адаптиран по моделот предвиден во Планот "Акција 21", за намалување на субјективното влијание на инспекторот за време на инспекцијата и подигнување на институционалниот капацитет на инспекциската служба
- Иницијатива за усогласување на законските одредби кои се однесуваат на вработувањата во јавната администрација, посебно на вработувањата на комуналните инспектори и измени во Законот за административни службеници за да се утврдат критериуми за „мерење" на работните компетенции на кандидатите во постапката за вработување и за бодување на интервјуто на кандидатите
- Зголемување на транспарентност, одговорност, ефикасност и отчетност при реализација на надлежностите
- Јакнење на свеста и едукација на вработените за последиците од коруптивни дејствија
- Континуирана контрола врз работењето на вработените
- Почитување на Кодексот на однесување за вработените во Град Скопје
- Воведување на систем на периодична и редовна контрола и надзор од страна на раководната структура над извршувањето на предметите на вработените кои се директно поврзани со јавноста, институциите и граѓаните, и почитување на законските прописи, интерните критериуми и правилници за работа

- Воспоставување и примена на методологија за идентификување, анализа и оценка на ризиците од корупција
- Ажурирање на постоечките стандарди и процедури за работа и нивно усогласување со законот и со воспоставената пракса
- Интероперабилност и електронско поврзување помеѓу надлежните институции за воспоставување на усогласена архива на податоци на даночни и таксени обврзници и стандарди за нејзино чување
- Вработените во секторот со пократко работно искуство поконкретно да се запознаат (преку обуки и менторство) и да ги почитуваат принципите на Кодексот на однесување за вработените во Град Скопје, во делот на ревизијата Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори, законските прописи и процедури и истите да ги применуваат во текот на работењето
- Континуирано стручно усовршување на вработените со цел стекнување на професионални квалификации и стручност, соодветно познавање на стандарди и практики на работа
- Секој вработен пред извршување на поединечна ревизија да дава писмена изјава за непостоење на судир на интереси
- Подобрување и усовршување на постоечките процедури за контрола со цел надминување на евентуалните можности за корупција при реализација на надлежностите
- Повеќе членови во комисиите за евалуација на пристигнати апликации за проекти по јавни повици, дигитализација на процесите во постапките на постапување на членовите на комисиите како и јавно отворање на пристигнати апликации за проекти преку достапни веб апликации
- Користење на Веб апликација за траекторија на предметот со утврдени рокови за спроведување на јавната набавка
- Надлежните сектори, подносители на барањето за јавна набавка да вршат претходна анализа на пазарот во врска со тоа: колкав број на економски оператори на пазарот во Република Северна Македонија ги исполнуваат предвидените минимални услови за утврдување на способност, како и во однос на стоките и услугите кои треба да се набават, колкав број на економски оператори

можат иститé да ги обезбедат, испорачаат или извршат. Доколку се утврди дека не постојат доволен број на економски оператори, односно дека не постои конкуренција на пазарат, соодветно да ги изменат (олеснат) предвидените минимални услови за способност и барањата и условите од техничките спецификации

- ❖ Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и навремено во законски утврдениот рок, до крајот на јануари од тековната година, да се доставуваат до Секторот за јавни набавки заради подготовка и објава на Годишниот план за јавни набавки
- ❖ Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законот за јавните набавки, обуки за антикорупција

2.Мерки и активности кои произлегуваат од Националаната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025.

За делот ХОРИЗОНТАЛНИ ОБЛАСТИ во точката 4.2 ВРАБОТУВАЊЕ, каде како проблем е посочена неусогласеноста на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам, за 2021 година се презема следната мерка:

- ❖ Проценка на реални потреби за број на вработени и нивна стручна спремност во Град Скопје,

И се предвидува следната активност :

- Изработената функционална анализа за Град Скопје да се објави на веб страната на Градот Скопје

За делот СЕКТОРИ во точката 5.10 СПОРТ, каде како проблеми се посочени несоодветното стопанисување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и единиците на локалната самоуправа и недостаток на инспекциски надзор во спортот, за 2021 година се презема следната мерка:

- ❖ Регулирање на правниот статус на објектите за спорт во државна сопственост,

И се предвидува следната активност :

- Анализа на договорите за користење на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија или Град Скопје (правна и економска оправданост, рокови, почитување) како и спроведување на инспекциски надзор за користењето на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и Град Скопје,

❖ Едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација,

И се предвидува следната активност :

- Донесување на програма за обуки и едукација за интегритет и етика на спортските федерации, клубови, администрација и спортските работници

2.Мерки и активности кои произлегуваат од Планот за борба против корупција "Акција 21" на Владата на Република Северна Македонија.

❖ Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи заради заштитено внатрешно пријавување и обезбедување услови за целосна имплементација и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи.

❖ Изготвување на интерна процедура за спроведување на постапките за јавни набавки и реализација на договорите, согласно образецот на интерни процедури кој е составен дел на Практичниот водич низ јавните набавки издаден 2020 година.

## V. НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

Носители на предвидените активности во Планот се раководните лица во соодветните сектори и одделенија во администрацијата на Градот Скопје.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој План влегува во сила со денот на неговото донесување.

Датум на донесување:______________________

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
Петре Шилегов

______________________